СМРТ НА ФАШИЗМОТ — СЛОБОДА НА НАРОДОТ! ПОШТАРИНАТА Е ПЛАТЕНА ВО ГОТОВО

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 17 | 4-VI-1946 год. | Год. II

Службен весник на Народна Република Македонија излегуе повремено. Ракописите се пракјаат на адреса: Одделение за печат — отсек службен весник на Н. Р. М. — Скопје. Ракописите не се вракјат

Цена 5 динари од табак. Претплата за 6 месеци 135 динари за една година 250 динари. Огласите се примат по тарифта објавен во Службен весник на Н Р М. бр. 7/46. Чековна сметка бр 83109

167

Народната Влада на народната Република Македониа, на предлог на Министерот на трговиината и снабдуението, донесе следната

### УРЕДВА

За осниванне на Земско претприиатие за промет со бои и хемикални „БОИАХЕМ".

Член 1.

Се оснива Земско претприиатие за промет со бои и хемкалнии „БОИАХЕМ" со седалишт во Скопие.

Претприиатието може да има свои филиали и во други места во Н. Р. Македониа.

Член 2

Целта на претприиатиeто е:

1) Да купува и продава бои и хемкалии на едро во натрешен промет и

2) Да внесе и изнесе бои и хемикалии на едно од странство односно во странство.

Член 3

Основен капитал на претприиатието е 3,000.000 динари

За уголемуение на капиталот и отварание на нужни кредити одлучуе Министерот на трговиината и снабдуението во согласие со Министерот на финансиите.

Член 4

Претприатието се раководи од Директорот, кои го поставуе и сменуе Министерт на трговината и снабдуението

Член 5

Со чистата печалба на претприиатието располага Министерот на трговината и снабдуението во согласие Министерот на финансиите.

Член 6

Претприиатието е под надзор на Министерот на трговиината и снабдуението, кои е овластен да одлучува за неговиот престанок или спаіание со друго некое претприиатие.

Чген 7

Министерот на трговиината и снабдуението со посебен Правилник ке пропише поблиски одредби за организациата и работата на претприиатието.

Член 8

Оваа Уредба влегува во сила одмах по обнародуението.

Скопие 22-V 1946 год.

Министер
на трговината и снабдуениeто
Т НОШПАЛ с. р.

Председател
на народната влада на Н. Р. Македониа
Л. КОЛИШЕВСКИ с. р.

168

Министерството на тргов. и снабдуењето на ФНРЈ издаде Наредба бр 39301 од 14 мај 1946 год., со која се пушта грагевински материјал во слободна продажба, како следва:

„На основа член 1 Уредбата за планска распредела и потрошуачка на стоката и точ. II Решението н Привредниот совет за одредуење предметите кој опагјат под планска распоредела и потрошуачка од 12 мај 1945 год. („Службени лист" бр. 32/45), а во врска со точ. 5. 8. 9. 12 б) и г) Решењето бр. 467 од 9 јуни 1945 год.) „Службени лист" бр. 40/45) ја издавам следната

### НАРЕДБА
### ЗА ПУШТАЊЕ ВО СЛОБОДНА ПРОДАВАЧКА ГРАДЕЖЕН МАТЕРИЈАЛ:

1) Следниот градежен материјал се пушта во слободна продавачка: керамиди, керамички одводни цевки и спојници, гипс, цемент, изработки од бетон, плочици од хераклит, хартија за покрив, тесани греди на разни димензији со сите врсти на меки лисјари и четинари, тестерисана грагја: греди, штици, летви на разни димензии од сите врсти мек лисјари и четинари, фурнир од сите врсти, шпер плоча (укочено дрво) од сте врсти, паркети од сите врсти до 38 мм. ширина и сиот беликав, рујав и мушичав паркет без оглед на ширина, и обедни ле ви, дрвена волна, клинци од тел од сите форми и величини, оков за грагевини од сите врсти и шамотно брашно и шамотни тули до заклучно 32 СК

2) Со оваа Наредба не се изменуат прописите на цените за наведените стоки.

3) Оваа Наредба влегува во сила со денот на обнародуењето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

Министер на трговијата и снабдуењето,
др. Заим Шарац с. р.

Со горната наредба обфанати се сите керамидни произведенија (тули и сите врсти цреп), сите произведенија на циментна индустрија и цементна (бетонска) изработувачка, (освен валовити азбест) — цементни шкриласти плочи (салонит, етернит и сл.). Така исто слободни се гипс суров, млевен, течен, сите врсти и сите преработки од гипс, натаму пак: шамотно брашно и шамотни тухли до заклучно 32 СК,. калјави печки, креч гашен и негашен; сите произведенија од керамика освен плочици за облагање на зивовите, камен и сите изработки од истиот, леки грагевински плочи (хераклит, дрволит и сл.), трска, кровна хартија, клинци (шајки) од жица сите облици и димензии, метален грагјевински оков сите видови, сета резана и тесана дрвена грагја (гради, штици, летви од сите димензии) и од четинари и меки лисјари ) како и сите вработки од истите (сандаци), сандачни делови итн., нивните пилански отпадоци, окарпи и пчелевина); паркети си-

те видови до 38 мм. ширина, фурнири и шпер плочи сите видови и димензи и дрвена волна.

За набавка и потрошуачка на сета горенаведена стока не се потребни никакви поделни одобренија, и производителот може да ја продава, односно купец-препродавецот може да ја купуе во неограничени количини. Трговските предпријатија можат да го набават материјалот со цел да го препродават во границите предвидени со Уредбата за регулисање на внатрешниот промет на стоките т. е. без повише патно препродавање и шпекулативното стварање на залихите.

Саопштава се да дрвените преработки како намештај (мебел), кола, дрвени калупи, бастони итн. не се под планската расподелба и потрошуачка.

Смрт на фашизамот — Слобода на народот!

ПОМ. МИНИСТЕР,

169 Л. Вчков с. р.

На оснв донесените заклучоци на конференцијата одржана на 1 IV 1946 год. међу претставителите на Министерството на народното здравје, Земскиот завод за социално осигуруење и на Земскиот одбор на единствените синдикати, со цел да се на осигурените членови и нивните семејства дава брза, квалификована и ефикасна лекарска помош како и овозможи максималното користење на сите медицински кадрови и установи, го донесуам следното

РЕШЕНИЕ

1. Здравствените станици во: Велес, Куманово, Штип и Струмица да склопат договор со Земскиот завод за социално осигуруење за давање на лекарска помош на осигурените членови и нивнте семејства под условите кои се предвидени во записникот на одржаната конференција на 1 IV 1946 год.

2. Од страна на здрдавствените станици договорот ке го склопи и подпише шефот на здравствената станица, а од страна на Земскиот завод за социално оигуруење ке го склопи и подпише шеф — лекар Д-р Муќвоз.

3. Склопениот договр ке стапи во сила од денот на неговото обнародуење од ово Министерство и Земскиот завод за социално осигуруење.

Овоа решение да се достави на здравните станции: Велес, Куманово, Штип, Струмица и Земскиот завод за социално осигуруење.

Министер,

Д-р Попадич, с. р.

170

За да се правилно разреши собирањето на земскиот родилен дом — Скопје со лекови и санитетски материали како и да се разреши прашањето околу лекуењето на ученичките од сестринското и акушерското школо — Скопје, бидејки овие установи се раководат од овоа Министерство, донесуам следното

РЕШЕНИЕ

1. Земскиот родилен дом ке се набавуе со лекови и санитетски материали од „УНРАЛ" — Скопје или пак од една од државните апотеки, а према тоа дали ке требуе готови лекови и санитетски материали или пак лекови кои требе да се приготвуат.

2. Сестринското и акушерското школо во Скопје за своитеб олни ученички ке ги добива лекарствата од една од државните апотеки а на основ на потврдените рецепти од Управите на тие установи.

3. „УНРАЛ" и државните апотеки ке ги издаваат лековите и санитетските материали нао вие установи и на крајот на месецот ке составуе фактури или обрачуни со установениот попуст за магистралните лекои, сходно решението бр. 1854 од 27 април 1945 год на Союзното Министерство на народното здравје, и истите ке ги доставуат преку установите до овоа Министерство за исплата.

Овоа решение влезуе во сила штом се обнародуе во службениот весник на НР Македонија.

Министер Д-р ПОПАДИЧ, с. р.

171

МИНИСТЕРСТВО НА НАРОДНО ЗДРАВЈЕ

НАРЕДБА

15 мај — 1946 год.

За пропишуење на лекови и паралелни лековити препарати.

Член 1

Поради времениот недостиг на поедините лекови, готови лекови и лекови со специјално заштитено име, се дозволуе на аптеките да издоват паралелни лековити препарати од ист или сличен состав без обзир под какво се име пропишуат.

Член 2

Паралелни лековити препарати се готови лекови со специјално заштитено име, кои се од еднаков или сличен состав и со исто терапеутско дејство.

Член 3

Министерството на народното здравје ке состави список од секоја група на паралелните лековити препарти и истиот ке го објави во службениот весник.

Министерството може, а према нуждиите, списокот на паралелните групи на лековите препарати да го измени и дополни.

Член 4

Ако лекарот пропише некој лековити препарат, апотекарот мора да го издаде ако го има во прв ред прописаниот препарат. Ако го нема прописаниот препарат, апотекарот ке издаде и ке заречуна еден од паралелните препарати со ист или сличен состав и терапеутско дејство ,кои го има во аптеката Првенствено ке се издават препарати од домашната производња. При евентуалната репетација на рецептот, апотекарот по возможност ке го издаде истиот препарат, а ако го нема, тогај ке издаде оној кои го има во аптеката.

Член 5

Вместо сите патентирани лекои и препарати дозволено е на лекарскиот рецепт да се издава и заречунава лек со идентичен состав од хемиското негово име. Вместо Гелонида антинеуралгика магистралниот.

Вместо готовите таблетирани лекови едноставни и комбинирани се дозволуе во случај на недостаток да се издаде лек во прах од истиот состав како на пример —

Вместо камфора вера се дозволуе да се издава и заречунава камфорна синтетика. Вместо Ол. Оливарум се дозволуе да се издава и заречунава Ол. Хелиянти или Ол. Сесами.

Од подлогите змелеми може да се издаде Адепс Суилус. Вазелин или Алб., Унг. Парафини Фл. или Алб., према тоа кои го има аптеката.

Член 6

Аптекарот е должен на рецептата да означи кои лек односно кои препарат го издал.

Член 7

Оваа Наредба стапуе на снага од обнародуењето во Службениот весник на Народната Република Македонија.

Министер на народното здравје Попадич с. р.

## СПИСОК НА ПАРАЛЕЛНИТЕ ПРЕПАРАТИ

1)

Панопин Дамопон, Наркопон, Неопон, Пантопон.

2) Група на пентаметиленските аналептика
Пентазол, Кардиазол, Кадриоксил Тетракор, Лептазол, Метразол.

3) Група на пиридинските аналептика
Лептамин Аналептин, Кардиамин, Корамин, Еукоран Сургил, Веритол, Кормед, Никетамид, Анакардон.

4) Група на комбинираните аналептика
Тонокардин, Вериазол,

5) Група на експекторанси
Пертусан, Пертусин, Плантакот, Ериген, Новокол, Ресил, Сиран, Експектал, Тусипект Сиролин, Сирозин, Сулфокол, Сулфотин, Скалин, Тиокалцит, Кодоформ, Кодекол Пулмо

6) Група на ефедринските експекторанси
Ефетусин, Ефедрил, Ефетонин — Хустензафт, Золфедрин.

7) Група на кревозотовите експекторанси
Кресалцин Фамел Кресивал, Сир. Креозоти, Лактици, Лактузол, Лактусин, Креофозан

8) Група на хепар препарати
Хепорон, Јетропон, Камполон Хепатопсон, Хепатрат, Перхепар, Пермакомон, Процитол Екстракт, Хепатис

9) Група на холагот препарати
Холагит, Дехолин, Агохолин Витахолин, Холефлавин, Холстонон, Билагит, Болдохолин Феламин, Дегалол.

10) Група на дихидроoксикодеинони
Еукодал, Дикодит, Новокодин, Ацедикон,

11) Група на сулфамиди
Сулфаниламид, Амбесид, Дерганил, Гомбардол, Стрептазол, Стрептацид, Сулфана, Пронтозил, Пронталбин.

12) Група на сулфапиридини
Даженан, Пиридин, Пириден Дерганил, Донерзан, Плуразол, Сулфоронин, Сулфопиридин.

13) Група на сулфатиазоли
Цибазол, Елеудрон, Дерганил — Тиазол, Микробан — Тизол, Нео—Донеган Тиазен, Ултрасептил, Иргафен, Играмит, Тиасептил.

14) Група на тоника
Тоникум „Гумпро", Хепатоникум, Оптоникум, Тоникум „Баер", Тоникум „Рош", Робор.

15) Група на Антиацида
Анацид, Неутралон, Гастро — Сил, Неутрацид, Алукол.

16) Група на живините диоретика.
Новурал, Есидрон, Новурит, Диуридрон, Салирган, Марсалин, Новасурол.

17) Група на „А" Витамини
Аксерофтол, Витаплекс, „А", Воган, Витамин А.

18) Група на „А + Д" витамини
Астралин, Јекоцитрол, Улитин, Витаплекс „А + Д", провитин, Витамин А + Д.

19) Група на „Б" витамини
Анеурин, Безоцин Бенерва, Бетабион, Бетаксин, Бетаксин, Бетастерил, Витаплекс Б, Тиамин — хидрохлорид.

20) Група на „Ц" витамини
Аскорбит, Аскорбин, Кантан, Цебион, Цевита, Проскорбин, Редоксон, Ацид, Аскорбик.

21) Група на „Д" витамини
Девитол, Вигантол, Витабол, Ергостерин Витамин Д.

22) Група на „Е" витамини
Ефинал, Вибета Витаплекс Е, Витамонта.

23) Група на „К" витамини.
Хемодал, Каранум, Синкавит К витамин, Ацетономенофтон.

24) Група на лактофлавини
Лактофлавин, Бефлавин, Рибофлавин.

25) Група на никотинските киселини
Веникот, Никотин Никотиламид Апелагрин, Ацид, Никотиник.

26) Група на корпус лутеум
Лутесцилин, Лутеоган, Лутеолоид Лутеозам, Лутрен, Прожестин, Прогестопал Пролутон.

27) Група на фоликуларните хормони природни и синтетски
Филипекс, Гландуболин, Оестроменин Перлатан, Безоестрофол, Естрофол, Прогинон Прогинон Болесум, Унден, Стилбарол Свирнал—фоликулин, Менформон, Акротилбе, Гинестрил Бензо-Гинестрил, Стилбоестрол.

28) Група на хипофизните препарати
Гландуитрин, Хипофизин, Орастин Потон, Питугландол, Питуиган, Питуисан Тимофизин, Тонефин Екстракт Питуитари

29) Група на хистидински препарати
Бромистин, Герулцин, Ларостидин Истидина;

30) Група на кортинални препарати
Кортирон, Дока, Перкортен Кортижен

31) Група на овариални препарати
Гландуовин, Овариалхормон, Менформон Овозан, Оварион — Панхормон, Овоциклин Хормогланд, тоникум фем., Овари табл

32) Група на тестинални препарати
Андростин Ачертан Еругон, Перандрен, Тестикули-табл., Тестовирон, Тестогландол, Хормогланд тоник маск Тестоган Тестифортан.

33) Група на тируидални припарати
Елитиран, Тиреоид табл., Тиреоидин, Тироксин.

34) Група на кардиотоника со адреналинско дејство

35) Група на антискабиоза
иСмпатол, Суприфен,
Скабиозан Кутигал, Митигал.

173 Од Минист. на нар. здравје на НРМ

**Во врска со моето решение бр. 934 од 12 февруари 1946 г. го донесуам следниот**

## ПРАВИЛНИК

### За курсот на аптекарските помошници.

### Задачата на курсот.

Чл. 1

Задачата на курсот е да ги оспособи аптекарските помокјници за помокјна стручна работа по аптекарските установи.

### Упишуење на курсот

Чл. 2

На аптекарскиот курс може да се запише секое лице кое со успех го завршил IV клас на средна школа.

Изузетно со по мал број свршени класа средна школа можат да се запишат свршените курсисти од курсот за квалификовани аптекарски лаборанти, кои го свршиле истиот со одличен успех и на пракса докажале оти можат да се усавршуаат и напредуат.

### Трајањето на курсот.

Чл. 3

Курсот трае 8 месеци со двомесечен стаж по аптеките и 6 месеци непрекидно теориска и практична настава.

### Наставата

Чл. 4

На курсот ке се изучават следните предмети:

1. Основа на физиката
2. Основа на ботаниката
3. Основа на хемијата
4. Фармацеутна хемија
5. Фармакогнозија
6. Фармацеутска технологија со фармакопеја
7. Аптекарска администрација и аптекарско законодавство
8. Чување на лековите и санитетските материјали
9. Хигијена

10. Стерилизација
11. Медицинска апаратура
12. Општо образование

Чл. 5

Наставата ке се одвија по наставниот план изработен од одделението за медицинска настава и раководството на курсот. Во наставниот план точно ке се прецизира градивото кое требе да се проиде во текот на курсот како и бројот на часовите од поедините точки на наставниот план.

Чл. 6

Општото образование има да обхване: социологијата, новата историја, книжевноста и латински јазик (чатене).

Чл. 7

Курсот се дели на два дела. Првиот дел на курсот го обфанує двомесечниот стаж на курсистите по аптеките и два месеца теориска настава, во која ке се обхванат 1,2,3 и еден дел од 12-та точка на чл. 4 Вториот дел на курсот ке трае другите 4 месеци и ке ги обхване сите други предмети.

Чл. 8

Практичната работа ке е вршат курсистите по аптеките, во складот на „УНРРА" и лабораториите.

Чл. 9

Распоредот на часовите ке го изработи раководителот на курсот заедно со лекторите.

**Испити**

Чл. 10

След првиот дел на курсот ке се одржат испити во кои ке се констатира кои курсисти можат да го продолжат курсот а кои пак не.

След вториот дел на курсот ке се одржат завршните испити од следните предмети.

1) Фармацеутска хемија
2) Фармакогнозија
3) Фармацеутска технологија со фармакопеја и
4) Аптекарска администрација и законодавство.

Чл. 11

Наставниците за курсот, трајането на испитите и комисијата за испитите ги одредуе Министерот на народното здравје.

Чл. 12

За успехот на испитите се води записник во кои ке се внесуе името, презимето и останалите податоци за секои од кандидатите како и оцена за секој предмет посебно.

Чл. 13

Оцените за успехот на испитот се: одличен, многу добар, добар, доволен и слаб.

За успешно завршениот испит комисијата издава на кандидатите сведочанство

Чл. 14

Кандидатите кои за прв пат не успејат на испитот, можат след еден месец да ги поноват испитите од оние предмети од кои не се успеле.

Чл. 15

Овој правилник стапуе на снага од денот на обнародуењето во Службениот весник на Н. Р. Македонија.

**Смрт на фашизмот — Слобода на народот**

ПОМ. МИНИСТЕР
на народното здравје,
**Др. Г. Гаврилски с. р.**

174

Сојузното Министерство на трговијата и снабдуењето со бр. 39303 од 15 мај 1946 год. ја издаде следната наредба:

„На основ чл. 1 од Уредбата за планска расподелба и потрошуачка на стоките и точ. II од Решењето на Привредниот совет за одредуење на предметите кој спагјат под планска расподелба и потрошуачка од 12 мај 1946 год. („Службени лист" бр. 32/46), а во врска точ. I под а) од Решењето за одредуење предметите кој спагјат под планска расподелба и потрошуачка бр. 40/46, ја донесуам следната

## НАРЕДБА

## ЗА ПУШТАЊЕ ВО СЛОБОДНА ПРОДАВАЧКА НА МАШКИТЕ ЈАГАНЦА

1) Машките јаганца можат слободно да се продават и да се колат.

2) Овие јаганца може да ги купуе секој за сопствени потреби, месарите кои имаат право на обавуење на касапски дукјан за продавачка на потрошуачите, како препродавачи само оние претпријатија, задруги и лица кој за тоа добијат нарочно овластуење од околијскиот односно градскиот народен одбор надлежен по местото на боравењето на препродавачот.

3) Со оваа Наредба не се изменуат прописите за цените.

4) Прекршуењето на овие одредби ке се смета како дело на недопуштена шпекулација.

5) Оваа Наредба влегува во сила со денот на објавуењето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

Министер на трговијата и снабдуење
**др. Заим Шарац с. р.**

Со оваја Наредба се одменува порано дадена заповед од овоа Министерство бр. 10443 од 2. V. 1946 год. што значи, да през сите денови на седмицата ке може да се коле и консумира месо но само јагнешко (од машки јаганца), додека за телешко, биволско, овче и друго месо останує во сила горната наредба.

Се задолжуат сите одбори да горното го спроведат на своите територии во нај кус срок.

Смрт на фашизмот — Слобода на народот!

МИНИСТЕР,
Д. Дизе с. р.

175

Во врска со Напатствието за одредуение цените на занаетчиските услуги и произведина бр. 786 од 13. XII. 945 година на Сојузниот урел за цени по доварските услуги.

## РЕШЕНИИЕ

За отпределуеине цените на креветичинско-браските услуги.

Член 1.

Во Скопие, Жостов и Охрид.

Во останагите градон на Македониа.

1) за изработа на еден железен кревет бр. 36 — 190 дин 486.—

2) За изработка на еден железен кревет бр. 19— 195/95 дин 600.— 480.—;

3) За изработа на еден железен кревет бр. 27— 190/95 дин 635.— 508.—;

4) За изработка на еден дупли кревет бр. 190— 120 дин. 630.— 504.—;

5) За изработка на еден дечји кревет бр. 190/120 дин. 600.— 480.—

6) Изработка на еден чивилук шпендер 290.— 232.—

7) За изработка на една железна наткасна дин. 600.— 480.—

Член 2.

Горните цени се определени на основание определенит норми, режијска стопа 70% и законска печалба 20% врху работата и утрошениот материјал За другите услуги занаетчиите ке наплатуат према утрошените работни сати, увеличено со режијската стопа и законска печалба од вредноста на утрошените надници.

Член 3.

Се задолжуат Народните одбори да го разнлатат ово Решение, а Занаетчиската комора да изготви ценовници заверени од народните одбори Занаетчиите да ги истакнат ценовниците на видни места.

Член 4.

Ова Решение стапуа на снага од денот на објавуенето му во „Службен весник на Н. Р. Македонија, и сите до сега издадени Решениа од народните одбори со кој се определени гените на овија услуги со издавањето на ова се анулират.

Земски уред за цени
Директор,
Д. Саботка, с. р.

176

## ПРАВИЛНИК

За полагане на завршен испит во нижите женски професионални училишта.

Чл. 1

Ученичка, која заврши најмалко со доволен успех последниот клас на нижето женско професионално училиште — ателие —, должна е да полага завршни испит.

Чл. 2

Ученичките од последниот клас се распуштаат на 25 мај.

Завршниот испит се држи:

1) Од 15 до 30 јуни.

2) Од 1 до 10 септември. Во овој испитен срок се држи поправителен испит по оној предмет по кој ученикот е получил слаба оценка през јунскиот срок и полн завршен испит за онија ученички кои имале поправителен испит од последниот клас и истиот го положиле во август истата година.

Поправителниот испит може да биде само по еден предмет.

Чл. 3

Ученичка, која е спречена поради болест да полага завршен испит во јунскиот срок, истиот ке го полага во септември истата година. Барането за одлагането на испитот може да стане само подкрепено со редовни документи за болеста, а испитниот одбор ке реши оправданоста на това баране.

Ако ученичката не дојде на полагане звршен испит во септември, може да се јави во идниот јунски испитен срок.

Чл. 4

За полагане на завршен испит ученичката се пријавуе со таксирана молба упатена до раководителот на училиштето .Со молбата се приложуе свидетелство за завршен последен клас — ателие.

Чл. 5

Решение за пуштане на завршен испит донесуе испитниот одбор.

Чл. 6

Испитниот одбор се образува од најмалку три члена, од кои едниот може да биде предметниот учител. Претседател на испитниот одбор е училишниот раковдоител, ако на испитот не присаствуе пратеник на министерството.

Чл. 7

Завршниот испит се дели во два дела: општ и стручен.

Во општиот дел на испитот се полага: 1) македонски јазик (во малцинските училишта се полага и соответниот наставен јазик); 2) народна историја и 3) математика.

Во стручниот дел се полага: 1) кроене и изработка на моделот на горни и долни алишта; 2) шинее на изготвениот модел на горни и долни алишта; 3) стокознание

Испитот е писмен и устен само од македонски (наставен) јазик. По другите предмети испитот е само устен.

Чл 8

За писмена задача од македонски (односно наставен) јазик предметниот учител ке продолжи три разни теми, од кои испитниот одбор, пред да почне испитот, ке избере една од предложените теми.

Изработката на пимсената задача трае највечку 3 часа. Писмениот испит се држи пред пладне.

Чл. 9

Писмените работи ги прегледуе и оценуе одбор од три члена, во кој влегуе предметниот учител, кој прв прегледуе и оценуе писмените работи, и со образложение ги дава на другите два члена на преглед и оценка.

Чл. 10

На усниот испит ученичките треба да покажат знание од минатиот материјал од сите класови на училиштето. По предметите од стручниот дел на испитот, ученичките треба да покажат способност за самостојно изведуене на поставени задачи по кроене и шиене.

Од македонски јазик ученичката треба да познаване на главните граматички и правописни правила на книжовниот јазик, способност за лесно писмено или усно искажуене, како и това оти ученичката е запозната со делата на нашата најнова литература.

Од историја ученичката треба да покаже познаване на сите поважни собитија од историјата на народно-ослободителната борба на југословенските народи.

Од математиката ученичката треба да покаже знание од програмата предвидена по тој предмет од IV клас на истите училишта.

Од Кроене на долни и горни алишта, ученичката требе да покаже знаене и изработка на модели на разни предмети од разни величини, избрани по најновите базари.

Од шиене на горни и долни алишта требе да се покаже знаене на изработуене на моделот. Времето нужно за сошивуене на предметот ке го определи комисијата спрема дадениот модел.

Од стокознание треба да се покаже познаване на разни видови ткањини и конци, нивното получаване и нивното употребление за разни видови алишта, украси, везене, плетене и др.

Вопросите требе да бидат испишани на лисчиња (по три на ливче) и требе да бидат пет повечку од колку се кандидати. Ливчињата требе да бидат еднакви и чисти и вопросите кои се во нив требе да обфанат целата материја која требе да се полага.

Испитуенето на ученичките трае по 15 минути по предметите од општиот дел на испитот. По други те предмети испитниот одбор определуе времетраенето на испитот.

Член 11

Започенатиот испит не може да се прекинуе и одложуе.

Член 12

а) Ако ученичката добие слаба оценка по кроене или шиене, или две слаби оценки од другите предмети, се смета оти испитот не го положила и се одбива на една година.

б) Ако ученич. добие една слаба оценка од еден предмет — освен по кроене или шиене — ке полага поправителен испит. Ако овој испит не го положи, ке ке се одбие на една година.

Ученички кои поради болест одложиле полагането на завршен испит за есенниот срок, ако получат слаба белешка по еден предмет, освен по шиене или кроене, ке полагаат поправителен испит еден месец подоцна.

в) Ученичка одбиена на една година може да полага завршнен испит во јунскиот срок идната година. Ако ученичката не дојде на овој испит, може полона да полага како приватна ученичка, но по одобрението на Министерот на индустријата и рударството.

г) Учениците полагаат завршен испит во училиштето во кое завршиле последниот клас. Кога тој испит го полагал по втор пат, можат во оправдани случаи, а по одобрение на Министерот, да го полагаат во некое друго училиште.

Член 13

Оценката за секој предмет што се полага на завршниот испит ја дава испитниот одбор на предлог на предметниот преподавател независно од годишната оцена. При еднаква поделба на гласовите се зима мнението на онаа страна за која гласал претседателот на одборот. На таков начин се утврдуе и општата оценка по оние предмети по кои се полага пи смен и усген испит.

Член 14

На завршниот испит се води нарочна книга — по македонски јазик, времето на траенето на испитот и оценките добиени на испитот. Оценките се пишуат со букви и бројки. Записник се води за секој испит поодделно и конечното решение го подпишуат сите записникот во кој се запишуат: имињата на учениците распоредот на испитите, темата од писмениот испит и членови од испитниот одбор.

Член. 15

На онија ученици кои не ке положат завршен испит или пак испитот ке им се одложи, ке им се запише на свидетелството од последната година забелешка за това.

Член 16

Образец за свидетелство за завршен испит ке пропише Министерството на индустријата и рударството.

Член 17

До колку во поранашните години не биле обработени сите партии од извесни предмети предвидени во сегашната програма на училиштето, испитниот материјал требе да се подреди така да биде обфачато со прашања се онова што е битно и важно за самиот предмет

Министер
на инд. и рударство
Т. ВАСНЛЕВ с. р.

На основ на чл. 16 од Уредбата за регулирање на надниците и плати на работниците и намештеници во државно привредни и приватни претпријатија, приватни устанoви и организации од 26 април 1945 година, а по саслушуење на надлежните синдикални организации, за одредуење на платите на домашните прислужнички и настојници на згради, Министерот на трудот пропишуе овој:

## ПРАВИЛНИК

За уредуење на платите на домашниот помошен персонал и на настојници на кукји:

Чл. 1

### ДОМАШЕН ПОМОШЕН ПЕРСОНАЛ

Домашниот помошен персонал (во места од I разред на скапотијата) има на следните месечни плати:

1) Домашни помошнички кои работат целокупната домашна работа, осем готвењето од 400 до 600 дин.;

2) Домашни помошнички кои работат домашна работа и готват од 500 до 800 дин.;

3) Самостални готвачки од 700 до 1000 дин.;

4) Собарици од 400 до 600 дин.

Сите врсти од домашниот помоштен персонал наведен од 1 до 4 заклучно имаат уз плагата во готово и право на пристојна квартира, храна, огрев, светло итн.

5) Дворкињи скоро по цел работен ден (најмалку 8 саата од најмалку 500 до 800 дин. и храна три пати дневно.

6) Дворкињи кои работаат по неколку сата дневно, а сигурно под 8 саати дневно, имаат право на плати (саатнина) на неквалификован работник; без право на храна.

7) Перачки по кукјите дневно од 80 до 100 дин. а уз това и три пати дневно храна.

Чл. 2

Платите одредени во член 1 важат само за во местата од 1 разрде на спакотијата.

Во сите останали места се смалуват дозволените плати на домашниот помокјен персонал за 10% од платите одредени за работа по местата на првиот разред на скапотијата.

Чл .3

Готвачките и домашните помошнички по установи на пр. санаториуми, мензи и др. ке добиват плата, према своите квалификации по Уредбата за регулирање на надниците од 20 април 1945 г.

Чл. 4

Домашните помошнички имаат слободно време во недела и празник од 16—22 часа и еден ден во неделата при работното време (а по мегјусобно согласие) а во останалите денови по еден саат мегју 14—20 саата.

### НАСТОЈНИЦИ НА ДОМОВИ

Чл. 5

Настојници на домовите имаат право на следните дозволени месечни плати:

1) Во згради до еден кат највише 350 дин.

2) За секој погорен кат 100 дин. повеке.

3) Во кукји со централно греење без уреѓај за грејање вода од 600 до 1.500 дин.

4) Во кукји со централно грејање и уреѓај за грејање вода по становите 1.500 до 2.000 дин.

Чл. 6

Настојници на домовите имаат право на слет. редена во член 5, право и на бесплатен еднособен стан со нужните простории, а осем тоа настојниците под точка 1 ке примаат и по еден метар дрва на година, под т. 2 (два метра); а под т. 3 ке бидат редовно снабдевени со отопление.

Настојници од 1 до 4 имаат право на светло и вода.

Настојници на домовите имаат посебна награда за отворање врата нокје, и това без обзир на бројот на лугјето кои влегуат од 22—24 часа, динара 2 за секое отворање след 24 часа и до часот до кога према месните прописи морат да се држи вратата отворена дин. 4.

Настојниците имаат слободно време секој ден од 16—19 час.

Чл. 7

Сите овие принадлежности на настојниците са како награда за нивниот труд, до дека помошното особље потребно за одржуење ред и чистотат по големите згради, ке се плакјаат засебно по Уредбата за надници од 20 април 1945 год.

Чл. 8

За споровите во врска со тарефата ке се постапи по член 23 од Уредбата за регулисање на надници и плати на работниците и намештеници од 20 април 1945 год.

Чл. 9

По одношение за плати на разни порези од социален допринос итн. важат прописите од член 20 од Уредбата за регулисање на надниците и платите на работниците и намештеници од 26 април 1945 год.

Чл. 10

Овој Правилник стапуе на снага од денот на обнародуувањето му во Службениот весник на НР Македонија а платите и награди ке важат од 1 јули тек година, со кој ден губи својата важност Решењето на Министерството на Социалната политика НРМ по горното однoшение од 28 јуни 1945 година.

Бр. 397. — Скопје 3 јуни 1946 г.

Министер на трудот
**Киро Петрушев, с. р.**

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
На Народна Република Македонија
# ОГЛАСЕН ДЕЛ

## Судски огласи

Окружниот суд во Скопје, тврди да: Александар Богоев, в. д. управник, Димитар Георгиев, в. д. пом. управник и Александар Вишњецки, чиновник, сите во филиалата во Скопје, содржината на овој оглас, кои им е прочетен од страна на судот, го признават за свој и своерачно го подписали:

Такса по Тар. бр. бр. 29, 30, 31, 32, 37 и 31 од Законот за судските такси во Дин. 3577,50 уништена во таксени марки и Дин. 63,— допалнителна такса заведена во дневник бр. 497/946 година.

Окружен суд — Скопје, 20 мај 1946 година ФИ бр. 2/46 97

## Разни огласи

### ОГЛАС

Гл. филиала на Државната хипотекарна банка, Скопје ги поканує своите должници да во срок од 20 дена поднесат на банката изјави да ли сакат осигуруењето на заложените згради да се обнови

Во случај да не се јават ке сметаме да некеле да се обнови осигуруењето.

(Од Државната хипотекарна банка, Главна филиала — Скопје). 1 — 3

### ТРГОВСКО—ИНДУСТРИАЛНА БАНКА „ВАРДАР" А. Д. СКОПЈЕ

Ке се одржи на 29 јуни 1946 година во 16 саатот редовни собраниа на акциоерите.

Дневен ред:

1 Избирање часници на собранието;

2 Чатење на извештајот на Управниот и Контролниот одбор за 1943, 1944 и 1945 год. и билансите; разрешуење на одборите и избиране на нови.

3. Изменение на бонковниот правилник; ликвидација и избиране на ликвидаторите.

4 Евентуалии.

Депонуењето на акциите е на касата на банка „Вардар", Скопје и индустријалната банка на Југославија Белград, три дена пред собрнието.

338 1 — 3

### ИНДУСТРИАЛНО ДРУЖЕСТВО „ОРЕЛ" А. Д. СКОПЈЕ

Ке одржи на 29 јуни 1946 година во 17 саатот редовни годишни собраниа на акционерите во локалот на банка „Вардар".

Дневен ред:

1 Избирање часници на собранието;

2 Читање извештајот на Управниот и Контролниот одбор за 1943, 1944 и 1944 и 1945 год. и билансите; разрешуење на одборите и избиране на нови;

3 Изменение на друштвениот правилник;

4 Евентуали

Депонуењето на акциите е на касата на банка „Вардар" Скопје и Индустријалната банка на Југославија, Белград три дена пред собранието.

Управата

40 1 — 3

## Мали оглас

Војната књижка бр. 178508 издадена на име Бејцев В. Кирил изгубена и е прогласуеме за невалидна.

**Штабот на IV македонска бригада КНОЈ**
137

Војна книшка бр. 379—846 на име Ибраимовски Изет изгубена и се огласуе за невалидна.

**Штабот на I баталјон — Инжинерска бригада**
138

Војна книжица 129191 на име Предраг Ранкич е изгубена и се прогласуе за невалидна. 1—1
139

Војна книжица бр. 342042 на име Шокј Маркова Јованка е изгубена и се прогласуе за невалидна. 1—1
140

Домакинска книшка бр. 420 и четири поарчачки книшки број 1788—1791 изгубени ги огласувам за невалидни — Паца Јосифовска 1—1
1 — 1 141

Изгубени се: легитимација за снабдуене книжка „К", купон „Г", купон „Р-2" и членска карта за кооперација втори реон на име Жосте Бошков Христовски од Скопје и се прогласуат з невалидни.
1 — 1 142

Изгубен е купон „Г" на Шекеринка Христова од Кратово и се прогласуе за неватидна.
1 — 1 143

Изгубен е купон „Д-1“ на име Љиљана Богоева Ангелова од Скопје и се прогласуе за невалиден
1 — 1 144

Изгубена е книшка „К“ на Никола Иванов од Скопје и се прогласуе за невалидна.
1 — 1 145

Изгубени се легитимации за снабдуење бр.: 61741, 61742, 61739 на име Вено Муратовски Иван Муратовски и Ристо Муратовски од Скопје и се прогласуат зо невалидни
1 — 1 146

Изгубена е легитимација за снабдуење бр. 47681 издадена од Градскиот народен одбор — Скопје на Ѓурѓица Ралич и се прогласуе за невалидна
1 — 1 147

Платната книжица бр. 20644 серија Ш на Ангел Мојсовски капетан се огласуе за невалидна
1 — 1 148

## СОДРЖАЈ

167 Уредба за основание на Бонахем
168 Наредба за пуштане во слободна продавачка на градежен материал 153
169, 170 Решение на Мин. на нар. здравје
171 Наредба за срамнуене на паралелни лекои 154
во аптеките 154
172 Список на паралелните лекои
173 Правилник за курсот на аптекарските помошници 155
174 Решение за пуштане во слободна продажба на машки јагачој
175 Решение на ЗУЦ на креветите и крев. услуги 156
176 Правилник за полагање на завршен испит во нижите женски проф. училишта 157
177 Правилник за уредуење на платите на домашниот персонал 158

## ОД РЕДАКЦИЈАТА

**Се молат претплатниците кои немат платено за II полугодие това да го сторат до крај на овој месец.**

**Финансовите оддели при околиските Н. О. се молат да дадат напатствие на месните Н. О. да истите се претплатат на „Службен весник“ на НРМ за цела година. Во противен случај не ке им се пракја весникот.**

Го издава и редактира: Одделението за печат при Претседателството на Народната влада на Народна Република Македонија — Палата НАРСМАК — соба бр. 12 — II етаж — Скопје
Печати: Државна печатница „Гоце Делчев“ Скопје